ул.Крсто Узунов бр.5/3
2400 Струмица
ЕДБ 5027007500169
ЕМБС 6276113
Р.С. Македонија

тел: ++389 (0)34 - 323-891
тел.мобилен 070-253-784
www.revizorbabamov.com
E-mail: tp_revizorbabamov@yahoo.com

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Согласно барањата на член 35 од Законот за ревизија во Република Северна Македонија (Службен Весник број 158/2010,135/11,50/12,188/13,43/14,138/14,192/15,23/16 и 83/18)

Согласно одредбите од Член 35 од Законот за ревизија во Република Северна Македонија (Службен Весник на РМ Бр.158/10, 135/11, 50/12, 188/13, 43/14,138/14, 192/15, 23/16 и 83/18) ТП "Ревизор Бабамов" Стојанчо Ѓорги Коцев Струмица го објавува следниот Извештај за транспарентност за 2021. година кој ја има следната

## СОДРЖИНА:


1. Опис на правната структура и сопственост на друштвото за ревизија: ........ 3

2. Опис на професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа: ........ 3

3. Опис на управувачката структура на друштвото за ревизија: ........ 4

4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија и изјава од овластениот надлежен орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на овој систем: ........ 4

5. Датумот кога е извршена последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно членот 20 од овој закон ........ 5

6. Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година: ........ 6

7. Изјава за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени: ........ 7

8. Изјава за политиката што ја следи овластениот ревизор-трговец поединец за континуираното професионално усовршување на овластените ревизори во текот на претходната година: ........ 7

9. Финансиска информација за вкупните приходи и список на услуги кои ги нуди субјектот ...... 8

   9.1. Краток список на услуги кои ги нуди субјектот ........ 8

   9.2. Финансиска информација за вкупните приходи за годината за која се известува и годината кој и претходи, расчленет во горенаведените три категории: ........ 8

10. Информацијата за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор: ........ 8

Прилог број 1 ........ 9

Прилог број 2 ........ 10

Прилог број 3 ........ 11

## 1. Опис на правната структура и сопственост на друштвото за ревизија:

- **основање и правна структура**

ТП "Ревизор Бабамов" Стојанчо Ѓорги Коцев - Струмица е основано во согласност со Законот за ревизија, регистрирано во Централен Регистар на РМ на 08.10.2007. година. Друштвото е регистрирано во трговскиот регистар согласно Законот за трговски друштва и има добиено трајна дозвола за работа од страна на Министерството за финансии на РМ во 2008. година под бр.11-16328/1. Во Регистар на овластени ревизори-трговци поединци при Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија друштвото е заведено под регистарски број ТП006. На друштвото му е издадена лиценца за вршење на работи од страна на Советот за унапредување и развој на ревизијата (број 07-464/1) на ден 25.11.2013. година со регистарски број 06.

- **број на вработени лица во субјектот**

Во ТП Ревизор Бабамов, број на вработените со состојба 31.12.2021. година, и со состојба на датумот на доставување/објавување на Извештајот е:

- 4 (четири) вработени на неопределено полно работно време.

- **сопственост**

ТП е во целосна сопственост на Стојанчо Коцев од Струмица, овластен ревизор согласно Законот за ревизија.

- **приоритетна дејност**

Приоритетна дејност/главна приходна шифра на Трговец Поединец Ревизор Бабамов е 69.20 - Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи; даночно советување.

- **годишно осигурување од одговорност согласно Законот за ревизија**

Минимална сума на покривање по штетен настан е 6.150.000,00 МКД. Број на полиса за осигурување од одговорност е 13001O071033, издадена од Друштво за осигурување УНИКА АД Скопје на 28.01. 2022 . година. Период на осигурување е од 28.01.2022. година до 28.01.2023 . година.

## 2. Опис на професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа:

ТП делува локално на територија на Република Северна Македонија, не припаѓа на ниту една професионална мрежа и работи со цел давање услуги на комитентите кои делуваат на пазарот во Република Северна Македонија.

## 3. Опис на управувачката структура на друштвото за ревизија:

ТП има еден управител - дипл.екк. Стојанчо Коцев, овластен ревизор.

## 4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија и изјава од овластениот надлежен орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на овој систем:

Политиките и постапките за контрола на квалитетот во ТП се донесени и усвоени врз основа на барањата на Законот за ревизија во Република Северна Македонија, како и барањата на прифатените и објавени Меѓународни Стандарди за Ревизија (МСР) кои се прифатени како национални стандарди за ревизија во Република Северна Македонија.

Политиките и постапките за контрола на квалитетот се носат врз основа на барањата на:

- МСКК 1 - Контрола на квалитетот за фирми кои вршат ревизии и проверки на историски финансиски информации и други ангажмани за уверување и поврзани услуги; и
- МСР 220 (ревидиран) - Контрола на квалитетот на ревизии на историски финансиски информации.

Контрола на квалитетот на ревизорската работа се имплементира како на ниво на ТП, така и на секоја поединечна ревизија. Целта на квалитетот на контролата на политиките кои се усвоени од ТП го вклучуваат следното:

- ***Професионални барања*** - персоналот на ТП треба да биде лојален на основните принципи на независност, интегритет, објективност, доверливост и професионално однесување;

- ***Вештина и компетентност*** - персоналот на ТП треба да ги одржува стручните стандарди и професионалната компетенција која се бара да им овозможи да ги исполнат обврските со должно внимание;

- ***Пренесување на должност*** - ревизорската работа треба да се пренесува на персоналот кој има определен степен на стручна обука и умешност која се бара во дадени околности;

- ***Делегирање*** - при давање насоки во работењето треба да постои одреден степен на сигурност дека со работата која се утврдува се излегува во пресрет на соодветните стандарди за квалитет;

- ***Консултации*** - политиката на ТП е дека секогаш кога е неопходно, консултација во рамките или вон фирмата треба да се врши со оние кои располагаат со соодветна стручност;

- ***Прифаќање и задржување на клиенти*** - политиката на ТП е да насочува дејствување кон оценка на очекуваните клиенти и проверка на постојните во текот на работењето. Во донесувањето одлука да се прифати или задржи определен клиент, менаџментот треба да ја проучува независноста на фирмата и способноста правилно да го услужува клиентот и да води сметка за неговиот интегритет;

- ***Надгледување*** - политиката на ТП е да ја надгледува перманентната адекватност на оперативната ефективност на квалитетот на контролата на политиките и постапките.

⇨ Изјава потпишана од овластениот надлежен орган на субјектот за ефективноста на функционирањето внатрешниот систем за контрола на квалитетот - Оваа изјава е ***Прилог број 1*** кон Извештајот за транспарентност.

## 5. Датумот кога е извршена последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно членот 20 од овој закон

Во согласност со член 20 од Законот за ревизија, последна проверка на организацијата на системот на контрола на квалитет од страна на Институтот на овластени ревизори на РМ е направена од 06. Мај до 09. Мај 2019. година, за годината која што завршила на 31.12.2017. Предмет на контрола е контрола на квалитетот.

## 6. Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година:

ТП во текот на 2021. година нема извршено ревизија на финансиските извештаи за годината која завршува на 31.12.2020.

**7. Изјава за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени:**

ТП спровдува интерни процедури за проверка за усогласеност на независноста. Согласно барањата на Законот за ревизија, како и донесените политики и постапки за контрола на квалитетот на работата во ТП се воспоставени следните интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста:

- Партнерот - управител е задолжен да ја утврдува независноста на ТП во однос на клиентите, со цел да се спречат било какви ограничувања кои може да се сметат како нарушување на независност, што го потврдува со давање на писмена изјава , вообичаено пред започнување на сезоната на активности;
- Управителот е задолжен за етички прашања и е одговорен за одржување на листи на клиенти на ТП кои се достапни до сите партнери и членови на персоналот, при што сите партнери и секој член на персоналот на ТП (вклучувајки го и новиот персонал) ја утврдува својa независност по пат на давање на писмена изјава во однос на листата на клиенти на друштвото, вообичаено пред започнување на сезоната на активности.

➪ Изјавата претставува ***Прилог број 2*** кон Извештајот за транспарентност.

**8. Изјава за политиката што ја следи овластениот ревизор-трговец поединец за континуираното професионално усовршување на овластените ревизори во текот на претходната година:**

Согласно барањата на Законот за ревизија, како и донесените политики и постапки за контрола на квалитетот на работата во ТП "РЕВИЗОР БАБАМОВ" Стојанчо Ѓорги Коцев, Струмица, секое посебно ниво на персонал има обврска за континуирана професионална едукација, и тоа:

- Овластениот ревизор во ТП има обврска да посетува континуирана обука за професионално усовршување од минимум 40 часа годишно, организирана од страна на професионалната организација на ревизорите во Република Северна Македонија;
- Ревизорот и помладите асистенти посетуваат семинари и курсеви за обука од областа на сметководство и ревизијата интерно организирани во ТП;
- Ревизорот и помладите асистенти имаат задолжителна обврска да ги посетуваат сите семинари и курсеви кои се одржуваат како претходна обука за полагање на испитот за овластен ревизор.

➪ Изјавата претставува ***Прилог број 3*** кон Извештајот за транспарентност.

## 9. Финансиска информација за вкупните приходи и список на услуги кои ги нуди субјектот

### 9.1. Краток список на услуги кои ги нуди субјектот

ТП Ревизор Бабамов Струмица ги нуди следните услуги:

- услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки;
- дополнителни услуги на уверување во квалитет (согласно другите релевантни објави на IFAC прифатени и објавени во Република Северна Македонија); и
- други неревизорски услуги (книговодствени услуги, изработка на инвестициони програми и бизнис планови).

### 9.2. Финансиска информација за вкупните приходи за годината за која се известува и годината кој и претходи, расчленет во горенаведените три категории:

| Опис/Година | 2021. година | | 2020. година | |
|---|---|---|---|---|
| | во 000 МКД | во % | во 000 МКД | во % |
| ***Вкупен приход по услуги*** | | | | |
| услуги на ревизија на годишни и консолидирани годшни сметки (согласно МСР) | - | - | - | - |
| дополнителни услуги на уверување во квалитет (согласно другите релевантни објави на IFAC прифатени и објавени во Република Северна Македонија) | - | - | 77 | 9,31% |
| други неревизорски услуги (книговодствени услуги, изработка на инвестициони програми и бизнис планови, наемнини) | 903 | 100,00% | 750 | 90,69% |
| ***Вкупно*** | **903** | **100,00%** | **827** | **100,00%** |

## 10. Информацијата за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор:

Примањата на овластениот ревизор и помладите асистенти во ТП се утврдени по следната основа:

- Фиксна плата во текот на целата година согласно договорот за работа.

Струмица,
31.03.2022. година

Управител
Стојанчо Коцев
Овластен ревизор

*Прилог број 1*

### *Изјава потпишана од овластениот надлежен орган на субјектот за ефективноста на функционирањето внатрешниот систем за контрола на квалитетот*

Врз основа на барањата на Законот за ревизија и Меѓународни Стандарди за Ревизија, ТП Ревизор Бабамов Струмица доследно се придржува во својата работа кон донесените политики за контрола на квалитетот, заради ефективно извршување на поставените задачи од страна на вработените во ТП.

Струмица,
31.03.2022. година

Управител
Стојанчо Коцев

Овластен ревизор

*Прилог број 2*

## *Изјава за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени*

Врз основа на барањата на Законот за ревизија и Меѓународни Стандарди за Ревизија, ТП Ревизор Бабамов Струмица работи независно и воедно потврдуваме дека во ТП постојат интерни процедури за ефикасна проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се доследно спроведени.

Струмица,
31.03.2022. година

Управител
Стојанчо Коцев

Овластен ревизор

*Прилог број 3*

***Изјава за политиката што ја следи овластениот ревизор-трговец поединец за континуираното професионално усовршување на овластените ревизори во текот на претходната година***

ТП Ревизор Бабамов Струмица преку Управителот изјавува дека ја следи политиката за континуирана едукација на овластените ревизори и вработените преку нивно учество на тренинзи, семинари и усовршување, а со цел ефективно извршување на поставените задачи.

Струмица,
31.03.2022. година

Управител
Стојанчо Коцев

Овластен ревизор